Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02-1505/5
29.07. 2019 год.
Охрид

# Ј.П. ‘‘ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ’’ - ОХРИД

**Тел/факс:0038946 263325; e-mail:ohridkom@t.mk**
**Жиро сметка: 530-0001000731-36 дан. бр.: МК 4020989101655**
**Депонент: ‘‘ Охридска Банка‘‘ – Охрид**

# ИЗВЕШТАЈ

**од работењето и остварените резултати на**
**Ј.П. ‘‘Охридски Комуналец’’ - Охрид**
**за периодот 01 Јануари – 30 Јуни 2019 година**

**Охрид,**
**Јули 2019**

# I. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Ј.П. ‘‘ Охридски Комуналец’’ – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид, чии широк спектар на активности се сублимираат во следниве основни дејности:

- Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби,
- Одржување на градските паркови, зеленила, парк шуми;
- Одстранување и чување на непрописно паркирани возила, украсување на населени места и многу други активности од комуналната сфера.

Дејноста и активностите на Ј.П. ‘‘ Охридски Комуналец’’ – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа:
Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Законот за јавна чистота и други законски прописи.
Модерен и чист град, чиста урбана средина, заштита на животната средина и намалување на трошоците се наша заложба. Со меѓусебна, транспарентна, јасна и отворена комуникација секојдневно градиме партнерски однос со граѓаните, а нивното задоволство и исполнувањето на нивните потреби за здрава и чиста околина, го потврдуваат успехот на нашето работење.

Во согласност со Програмата за работа за 2019 година се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинставата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржувањето на јавното зеленило, организационо – техничка опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга и заштита и заштита на корисниците.

Ј.П. ‘‘ Охридски Комуналец’’ – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им се покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Процесот на работа во јавното претпријатие е организирана на ниво на сектори, одделенија и оддели, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Ј.П. ‘‘Охридски Комуналец’’ бр. 03-437/2 од 24.03.2016 усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-437/3 од 24.03.2016 година. Во Секторите постојат облици на работно организирање во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа.

Дејностите и работите во **Ј.П. ‘‘ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ’’ ОХРИД** се обавуваат во следните Сектори и одделенија:

- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА:**
  - **Одделение за Услужна хигиена**
  - **Одделение за Јавна хигиена**
  - **Одделение за Депонија**
- **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
  - **Одделение Расадник со Производство**
  - **Одделение Паркови и Зеленило**
- **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**
  - **Одделение за Експлоатација на возен парк**
  - **Одделение за Одржување на механизација и возила**
- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**
  - **Одделение за Сметководство**
  - **Одделение за АОП**
  - **Одделение за Наплата**
  - **Одделение за Јавни набавки**
- **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
  - **Одделение за Општи и правни работи**
  - **Одделение за Човечки ресурси**

## III. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Бројот, динамиката и квалификацијата на вработените во ЈП ‘‘Охридски Комуналец’’ Охрид за пресметковниот период од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година прикажани се во табели.

*Бројот на вработени по месеци*

| **месец / год.** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 283 | 290 | 288 | 287 | 289 | 286 |
| 2018 | 262 | 261 | 261 | 273 | 278 | 280 |

Бројот на вработени за пресметковниот период 01.01.2019 – 30.06.2019 година во просек изнесува 287 вработени.Заклучно со месец Јуни 2019 година бројот на вработени изнесува 286 од кои 276 вработени на неопределено време, а 10 на определено време.

Сите вработувања кои се вршеа во периодот од 01.01.2019 до 30.06.2019 година беа во рамките на законските прописи, односно работниците беа пријавувани со предходно добиена Согласност од Градоначалникот на Општина Охрид , а со посредство на Центарот за вработување Охрид. Сето тоа е во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на ЈП ‘‘Охридски Комуналец’’ Охрид и правилникот за внатрешна организација на ЈП ‘‘Охридски Комуналец’’ Охрид.

*Број на вработени по работни единици заклучно со 30.06.2019 година*

| | **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИНА.РАБОТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| | н. | о. | н. | о | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| Директор | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Пом.дир.за опер- тех. работи | | | | | | | | | 1 | | | | | |
| Раководители | 1 | | 1 | | | | 1 | | 2 | | 5 | | 1 | |
| Предводници | 1 | | 1 | | | | 3 | | 4 | | | | | |
| Извршители | 45 | 5 | 52 | 3 | 3 | | 46 | 1 | 41 | 1 | 43 | | 24 | |
| **Вкупно: 286** | **47** | **5** | **54** | **3** | **3** | | **50** | **1** | **48** | **1** | **48** | | **26** | |

## IV. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Преку финансиските извештаи треба да се обезбедат информации за финансиската состојба и работење на претпријатието што пак ќе се користат за донесување на правилни економски решенија. Тие ги покажуваат резултатите од раководството и управувањето со доверените средства односно финансиските извештаи обезбедуваат информации за средствата, капиталот, обврските, приходите и расходите вклучувајќи ја добивката или загубата на претпријатието.

Финансиските извештаи ги сочинуваат:

1. Биланс на успех
2. Биланс на состојба

Врз основа на добиените податоци од сметководствената евиденција за периодот од 01.01 до 30.06.19 год. прикажани се вкупните приходи по конта и структурата на расходите т.е.трошоците.

**Биланс на успех**

Вредноста на вкупните приходи за период од 01.01 до 30.06.2019 год. во износ од 67,668 (во илјада денари) се поголеми од вкупните расходи кои изнесуваат 58,638 (во илјада денари) за истиот временски период.

Добивката во вредност од 9,030 (во илјада денари) се јавува како разлика меѓу приходите од основни дејности 67,572 (во илјада денари) зголемени за вредноста на приходите од други дејности 96 (во илјада денари) и расходите од основни дејности 58,370 (во илјада денари) зголемени за вредноста на расходите од други дејности 268 (во илјада денари).

Добивката за период од 01.01 до 30.06.2019 год. е прикажана во табелата на Биланс на успех. Расходите од работењето во себе ги содржат трошоците за суровини и материјални, набавната вредност на продадени стоки, услуги со карактер на материјални трошоци, трошоци за вработените, плати и надоместоци на плата (нето), придонеси од задолжително социјално осигурување, вредносно усогласување на тековни средства и амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства.

Споредбата на приходите и расходите во табелата на Билансот на успех е направена за период од 01.01 до 30.06.2019 и истиот период 2018 година. Секое зголемување или намалување на приходите и расходите искажано е преку индекс.

**Биланс на успех**
**(извештај за добивка или загуба за период од 01.01 до 30.06.2019 год.)**

| **Реден бр.** | **Вид на приходи или расходи** | **2018** 000 ден. | **2019** 000 ден. | Индекс % |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **70,532** | **67,572** | ***96*** |
| 2. | Приходи од продажба | 70,532 | 67,572 | *96* |
| 3. | Останати приходи | | | |
| 4. | Залихи на гот.производи и на недовршено п-во на почеток на годината | | | |
| 5. | Залихи на гот.производи и на недовршено п-во на крајот на годината | | | |
| 6. | **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **53,184** | **58,370** | ***110*** |
| 7. | Трошоци за суровини и други материјали | 9,884 | 8,964 | *91* |
| 8. | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 9. | Услуги со карактер на материјални трошоци | 3,647 | 3,250 | *89* |
| 10. | Останати трошоци од работењето | 2,926 | 2,893 | *99* |
| 11. | Трошоци за вработени | 35,764 | 41,713 | *117* |
| 12. | Плати и надоместоци на плата (нето) | 24,274 | 28,198 | *116* |
| 13. | Трошоци за даноци на плати и надомест на плата | 1,370 | 1,629 | *118* |
| 14. | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 9,527 | 11,347 | *119* |
| 15. | Останати трошоцци за вработените | 593 | 539 | *91* |
| 16. | Амортизација на матер. и нематеријални средства | 750 | 834 | *111* |
| 17. | Вредносно усогласување на тековни средства | | | |
| 18. | Останати расходи од работењето | 213 | 716 | *336* |
| 19. | **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **110** | **96** | ***87*** |
| 20. | Приходи по основ на камати од раб. Со неповрзани друштва | 110 | 96 | *87* |
| 21. | Останати финансиски приходи | | | |
| 22. | **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **580** | **268** | ***46*** |
| 23. | Расходи по основ на камати од раб. со неповрзани друштва | 580 | 268 | *46* |
| 24. | Добивка од редовното работење | 16,878 | 9,030 | *54* |
| 25. | Просечен број на вработени | 270 | 287 | |
| 26. | Број на месеци на работење | 6 | 6 | |

**Биланс на состојба**

Добивката за финансиската година во вредност од 9,030 (во илјада денари) за период од 01.01 до 30.06.2019 год. е прикажана во Билансот на состојба.

Билансот на состојба е составен од две страни:

- Активна
- Пасива
-

Вкупната Актива изнесува 119,323 (во илјада денари).
Во активата прикажани се средствата како:

- Нетековните средства
- Тековни средства

Нетековните средства во вредност од 26,001 (во илјада денари) ја сочинуваат материјалните средства во вредност од 25,773 (во илјада денари) и вложувањата во подружници во вредност од 228 (во илјада денари). Материјалните средства во 2019 година споредени со истите во 2018 година имаат индекс 120%, а финансиските вложувања во 2019 година споредени со истите вложувања во 2018 година покажуваат индекс 100%.

Тековните средства во вредност од 93,322 (во илјада денари) споредени со истите во 2018 година покажуваат индекс од 99%. Тековните средства ги сочинуваат залихите во вредност 10,063 (во илјада денари), краткорочните побарувања во вредност од 71,660 (во илјада денари) и паричните средства во вредност од 11,599 (во илјада денари).Краткорочните побарувања за 2019 година споредени со истите од 2018 година покажуваат индекс од 107%, залихите во 2019 година споредени со 2018 година имаат индекс од 150% додека паричните средства во 2019 година споредени со паричните средства во 2018 година покажуваат индекс од 55%.

Пасивата која изнесува 119,323 (во илјада денари) во табелата е прикажана преку основната главнина и резерви и краткорочните обврските.

Основната главнина изнесува 10,109 (во илјада денари), акомулираната добивка изнесува 45,423 (во илјада денари), законските резерви 892 (во илјада денари) и добивка во износ од 9,030 денари.

Во обврските во вредност од 53,869 (во илјада денари) влегуваат обрски спрема добавувачи во вредност од 43,778 (во илјада денари), обврски за тековни даноци, даноци од плата и придонеси 6,238 (во илјада денари), обврски кон вработените 67 (во илјада денари), останати краткорочни обврски во вредност од 270 (во илјада денари), одложени плаќања на трошоци и приходи во идните периоди 3,516 (во илјада денари).

Обврските во 2019 година изнесуваат 50,353 (во илјада денари) и во споредба со истите во 2018 година покажуваат намалување со индекс од 87%.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**(извештај за финансиската состојба 01.01-30.06.19)**

| | 2018 | 2019 | индекс |
|---|---|---|---|
| | 000 ден. | 000 ден. | % |
| **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **21,693** | **26,001** | **120** |
| **I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **21,465** | **25,773** | **120** |
| - недвижности | 10,450 | 10,126 | 97 |
| - земјиште | 3,629 | 3,629 | 100 |
| - градежни објекти | 6,821 | 6,497 | 95 |
| - постројки и опрема | 2,372 | 1,224 | 52 |
| - транспортни средства | 8,513 | 14,304 | 168 |
| - алат, погонски и канцелариски материјал | 130 | 119 | 92 |
| **II. Долгорочни финансиски средства** | **228** | **228** | **100** |
| Вложувања во подружници | 228 | 228 | 100 |
| **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **94,386** | **93,322** | **99** |
| **I. ЗАЛИХИ** | **6,702** | **10,063** | **150** |
| - залихи на суровини и материјали | 1,266 | 1,261 | 97 |
| - залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 3,730 | 7,125 | 191 |
| - залихи на недовршени производи и полупроизводи | 1,706 | 1,677 | 98 |
| **II. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **66,779** | **71,660** | **107** |
| - побарувања од купувачи | 66,746 | 71,620 | 107 |
| - попарувања за дадени аванси од добавувачи | | | |
| - побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и др. | | | |
| - побарувања од вработените | 33 | 40 | 121 |
| - останати краткорочни побарувања | | | |
| **III. Парични средства и парични еквива.** | **20,905** | **11,599** | **55** |
| Парични средства | 20,905 | 11,599 | 55 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **116,079** | **119,323** | **103** |
| **А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **54,064** | **65,454** | **121** |
| **I. Основна главнина** | 10,109 | 10,109 | 100 |
| **II. Акумулирана добивка** | 28,473 | 45,423 | 159 |
| **- законски резерви** | | 892 | |
| **III. Добивка за деловната година** | 15,482 | 9,030 | 58 |
| **Б. ОБВРСКИ** | **62,015** | **53,869** | **87** |
| **I. Обврски** | **58,262** | **50,353** | **86** |
| - обврски спрема добавувачи | 44,327 | 43,778 | 98 |
| - обврски за тековни даноци, даноци од плата придонеси | 10,897 | 6,238 | 57 |
| - обврски кон вработените | 67 | 67 | |
| - обврски по заеми и кредити | 2,684 | | |
| - останати краткорочни обврски | 287 | 270 | 94 |
| **II. Одложено плаќање на т-ци и приходи на идните периоди (пвр)** | **3,753** | **3,516** | **94** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **116,079** | **119,323** | **103** |

## V. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

- ЈП ''Охридски Комуналец'' Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација)

***- Реализацја***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01. Јануари до 30. Јуни 2019 година приходите изнесуваат 67,668,645.00 ден. или со индекс од 96 % добиен како резултат на споредување на приходите од 2019 година со вкупните приходи од 2018 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањето на поединечните приходи пооделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2019 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга подигање, транспорт и депонурање на комунален смет во вредност од 36,266,800.00 денари; *Приходите од претријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 17,109,151.00 денари;

*Приходи од јавна чистота* со вредност од 4,896,181,00 денари врз основа на извршените активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2019 година.

*Приходи од зеленило* со вредност од 4,190,851.00 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид;

*Приходи од услуга со транспортно средство* со вредност од 3,641,875.00 денари по Оперативна програма за зимско одржување на улиците во Охрид и околните населени места, испорака балирана отпадна хартија, приходи од отстранување на непрописно паркирани возила со пајак, приходи од фекалии, приходи од подигање и транспорт на шут;

*Приходи од зеленило* со вредност од 4,190,851.00 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид;

*Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 1,225,413.00 денари, а се однесуваат за вондредно чистење на просторот од смет предизвикано од превземени градежни работи; *Приходи од наемнина* со вредност од 171,834.00 денари; *Приходи од камати* со вредност од 96,090.00 денари; *други приходи* со вредност од 70,450.00 денари.

Анализирајќи ја споредбата на приходите за 2019 година со приходите од 2018 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2019 година во однос на минатата 2018 година.

**ВКУПНИ ПРИХОДИ**
СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА
**(01.01.2019-30.06.2019)**

| Вид на приход | 2018 год. | | 2019 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | струк тура | износ | струк тура | % |
| **1. ХИГИЕНА** | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 35,577,385.00 | *50* | 36,266,800.00 | *53* | 102 |
| Приходи од претпријатија | 16,894,412.50 | *24* | 17,109,151.00 | *25* | 101 |
| Приходи од средства од јавна чистота | 6,019,670.00 | *9* | 4,896,181.00 | *7,2* | 81 |
| **2. ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| Приходи од зеленило | 4,486,800.50 | *6* | 4,190,851.00 | *6.1* | 93 |
| | | | | | |
| Приходи од услуги со транспортно средство | 3,879,813.00 | *5.5* | 3,641,875.00 | *5.3* | 93 |
| **4. ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 107,994.00 | *0.20* | 171,834.00 | *0.25* | 159 |
| **5. ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНИ УСЛУГИ -ГРАДЕЖИ** | 3,524,171.00 | *5* | 1,225,413.00 | *1.8* | 34 |
| **6. ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | | | | | |
| **7. КАМАТИ** | 110,193.00 | *0.20* | 96,090.00 | *0.14* | 87 |
| **8. ДРУГИ ПРИХОДИ** | 41,563.00 | *0.10* | 70,450.00 | *0.10* | 169 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **70,642,002.00** | ***100*** | **67,668,645.00** | ***100*** | **96** |

***- Трошоци на реализација***

- *Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурирана реализација.*
- *Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. ‘‘Охридски Комуналец’’ – Охрид за пресметковниот период од 1.Јануари до 30.Јуни 2019 година изнесуваат 58,638,543.00 денари или со индекс 109 % добиен како резултат на споредување на расходите од 2019 година со вкупните расходи од 2018 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

*Во материјалната група на трошоци спаѓаат:*

- Трошоците за енергија во вредност 4,341,283.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П.‘‘Охридски Комуналец’’ – Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад и потрошена електрична енергија;
- Потрошените суровини и материјали во вредност од 4,308,272.00 денари, а се однесуваат најмногу за набавени резервни делови, набавена индустриска сол, расаден материјал, канцелариски материјали, материјали за хигиена;
- Услугите за одржување и заштита во вредност од 2,406,803.00 денари, а се однесуваат за одржување и санација на депонија ‘‘ Буково’’, услуги за одржување на алат и инвентар, сервис и одржување на моторни возила, услуги за одржување на софтвер;
- Во оваа група влегуваат и трошоци на амортизација во вредност од 834,000.00 денари;
- Трошоците за ситниот инвентар книжени на конто 407 во вредност од 313,257.00 денари;
- Трошоци за транспортни услуги книжени на конто 411 во вредност од 290,030.00 денари по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и телефони конто 415 трошоците за вода и други комунални услуги во вредност од 154,869.00 денари,
- Останати услуги на конто 419 во вредност од 137,002.00 денари, а се однесува на трошоци за регистрација на возила;

Од *Нематеријалните трошоци* најголемата ставка се однесува на

*Останати нематеријални трошоци* книжени на конто 449 со износ од 1,214,684.00 денари се однесуваат на трошоци за објавување за доделување Договори за јавна набавка на веб – локации на Бирото за јавни набавки при Министерство за финансии; стручни весници и списанија трошоци за книги, прирачници ‘‘Рафајлоски консалтинг’’, интелектуални услуги, вештачење, трошоци за извршители;

- *Адвокатски и нотарски услуги* на конто 44905 со износ од 762,572.00 денари;
- *Останати расходи од работењето* со износ од 588,967.00 денари книжени на конто 469;
- *Надомест на трошоци на вработените* на конто 441 со износ од 275,989.00 денари се однесуваат на отпремнина за технолошки вишок на вработените и др. надоместоци,
- *Трошоци за Реклама и пропаганда* на конто 417 со износ од 262,200.00 денари се однесуваат на закуп на пакет услуги и рекламен простор од електронските медиуми и телевизија.
- *Трошоците за Надзорен Одбор и Управен одбор* книжени на конто 442 во износ од 250,000.00 денари во најголем дел се однесуваат за месечни надоместоци и персонални даноци на членовите на Надзорен Одбор и Управен одбор;
- *Банкарски услуги и трошоци за платениот промет* на конто 446 во износ 229,532.00 денари;
- *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација* книжени на конто 444 во вредност од 167,891.00 денари;
- *Трошоците за спонзорства* во вредност од 104,260.00 денари;
- *Премии за осигурување* на конто 445 во износ од 135,032.00 денари;
- *Дневници за службени патувања* книжени на конто 440 кои изнесуваат 76,121.00 денари;
- *Трошоци за договор на дело* на конто 44901 со износ од 30,000.00 денари;

Во износот од 41,173,835.00 денари на вкалкулирани плати книжени на конто 420 пресметани се Платите и надоместоците на плати за вработените во Ј.П.‘‘Охридски Комуналец’’ – Охрид.

Трошоци за отпремнина и јубилејни награди на конто 422 изнесуваат 186,712.00 денари.

На конто 474, Камата од работење со поврзани субјекти во вредност од 268,297.00 денари се однесува на камата кон Охридска Банка.

**ВКУПНИ РАСХОДИ**
СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА
**(01.01.2019-30.06.2019)**

| Вид на трошок | 2018 год. | | 2019 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | структура | износ | структура | % |
| **1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 400-Потрошени суровини и материјали | 5,895,245.00 | *11* | 4,308,272.00 | *7.3* | 73 |
| 402-Трошоци за енергија | 3,280,239.00 | *6* | 4,341,283.00 | *7.4* | 132 |
| 407-Трошоци за ситен инвентар | 708,506.00 | *1* | 313,257.00 | *0.5* | 44 |
| 4109-Останати транспортни услуги | 499,500.00 | *1* | | | |
| 411 -Транспортни услуги | 273,017.00 | *0.5* | 290,030.00 | *0.49* | 106 |
| 413-Услуги за одржување и заштита | 2,517,349.00 | *4* | 2,406,803.00 | *4.1* | 95 |
| 415-Трошоци за вода и комунални усл. | 151,881.00 | *0.30* | 154,869.00 | *0.26* | 101 |
| 419-Останати услуги | 111,048.00 | *0.20* | 137,002.00 | *0.23* | 123 |
| 430-Амортизација | 750,000.00 | *1* | 834,000.00 | *1.42* | 111 |
| **2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 440-Дневници службени патувања и патни трошоци | 117,957.00 | *0.30* | 76,121.00 | *1.42* | 64 |
| 441-Надомест на трошоци на вработени | 90,255.00 | *0.20* | 275,989.00 | *0.47* | 305 |
| 444-Трошоци за репрезентација, промоција | 91,975.00 | *0.20* | 167,891.00 | *0.28* | 182 |
| 4170-Рекламирање и пропаганда | 94,310.00 | *0.20* | 262,200.00 | *0.44* | 278 |
| 445-Премии за осигурување | 72,860.00 | *0.20* | 135,032.00 | *0.23* | 185 |
| 442-Трошоци за надомест УО и НО | 372,736.00 | *0.70* | 250,000.00 | *0.42* | 67 |
| 443-Трошоци за спонзорства | 1,404,922.00 | *3* | 104,260.00 | *0.17* | 7 |
| 446-Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 223,189.00 | *0.50* | 229,532.00 | *0.39* | 103 |
| 449-Останати нематеријални трошоци | 247,983.00 | *0.50* | 1,214,684.00 | *2.07* | 489 |
| 44901-Трошоци за договор на дело | 27,778.00 | *0.10* | 30,000.00 | *0.05* | 108 |
| 44905-Адвокатски и нотарски услуги | 484,808.00 | *0.90* | 762,572.00 | *1.3* | 157 |
| 466- Расходи врз основа на директни | | | 126,935.00 | *0.2* | |
| 469-Останати расходи од работењето | 213,211.00 | *0.40* | 588,967.00 | *1.0* | 276 |
| **3. ПЛАТИ** | | | | | |
| 420-Плата и надоместоци на плата | 35,171,232.00 | *65* | 41,173,835.00 | *70* | 117 |
| 422-Трошоци за отпремнина и јубилејни награди | 384,422.00 | *0.80* | 186,712.00 | *0.3* | 48 |
| **4. ДРУГО** | | | | | |
| 474-Камати од работењето | 579,536.00 | *1* | 268,297.00 | *0.45* | 46 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **53,763,959.00** | ***100*** | **58,638,543.00** | ***100*** | **109** |

## VI. СПОРЕДБА НА ВКУПНО ЗАДОЛЖЕНИ И НАПЛАТЕНИ СМЕТКИ ОД ЃУБРЕТАРИНА НА ГРАЃАНИ

Во пресметковниот период од 01.Јануари до 30. Јуни 2019 година доставени се 157.645 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 38.089 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивно задолжение.

| *Месец* | *задолжение* | | *вкупна наплата* | | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | *износ (во 000 ден)* | *бр. Сметки* | *износ (во 000 ден)* | |
| I | 26.236 | 6.342 | 20.766 | 5.137 | 81 |
| II | 26.270 | 6.353 | 20.607 | 5.177 | 81 |
| III | 26.287 | 6.388 | 23.028 | 5.659 | 88 |
| IV | 26.285 | 6.347 | 23.028 | 5.647 | 89 |
| V | 26.281 | 6.352 | 23.244 | 5.638 | 89 |
| VI | 26.286 | 6.307 | 25.699 | 6.040 | 96 |
| ***Вкупно*** | **157.645** | **38.089** | **136.372** | **33.298** | **87** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 136.372, а вкупната вредност вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 33.298 (во илјада денари) односно со индекс од 87%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Јуни 2019 година во вредност од 6.040 ( во илјада денари) со индекс од 96%.

Покрај доставата на сметки за граѓани се доставуваат и фактурите за мали правни лица по основ на подигање, транспортирање на комунален смет. Вкупниот број на доставени фактури изнесува 9.582 фактури, а вкупното задолжение изнесува 11.364 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

| *Месец* | *задолжение* | | *вкупна наплата* | | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. фактури* | *износ (во 000 ден)* | *бр. фактури* | *износ (во 000ден)* | |
| I | 1.903 | 2.139 | 1.501 | 1.563 | 73 |
| II | 1.890 | 2.067 | 1.417 | 1.396 | 67 |
| III | 1.890 | 2.130 | 1.642 | 2.305 | 108 |
| IV | 1.911 | 2.209 | 1.691 | 2.142 | 97 |
| V | 1.988 | 2.819 | 1.588 | 1.963 | 69 |
| VI | 2.022 | 2.843 | 1.521 | 2.138 | 75 |
| **Вкупно** | **9.582** | **11.364** | **7.839** | **9.369** | **82** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 7.839 , а вкупната вредност од наплата на фактури по основ подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 9.369 ( во илјада денари ), односно со индекс од 82% од вкупното задолжение. Најголемата наплата е остварена во месец Март 2019 година во вредност од 2.305 ( во илјада денари ) со индекс од 108%.

## VII. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П. ‘‘ Охридски Комуналец’’ своите активности ги извршува врз основа на Оперативната програма за 2019 година усвоена од Советот на Општина Охрид во која се испланирани сите активности поврзани со Јавната хигиена, Услужната хигиена, Јавното зеленило и многу други активности кои се наведени во делот Основање и Дејност.

Покрај редовните активности јавното претпријатие спроведува и низа вонредни активности поврзани со подигнување на нивото на хигиената во Општина Охрид, подржува многу манифестации и културни збиднувања , организира и учествува во еколошки акции и др.

Поради подобрување на јавната хигиена во градот, Ј.П. ‘‘ Охридски Комуналец’’ – Охрид изврши промена во категории во метење и миење на погорна категорија, а исто така оваа дејност е проширена и на други улици кои до сега не беа опфатени со оваа Оперативна програма.

- **СЕКТОР ЗА ‘‘ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА’’**

### Одделение ‘‘ Услужна Хигиена’’

